ание
МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК









Скопје

## Паралелни прослави на Денот на планетата



Американската агенција УСАИД во соработка со градот и со Министерството за транспорт и врски денеска од 12 часот ќе го прослави Денот на планетата земја на плоштадот „Македонија", со организирање село за рециклирање. Во истото време и на само неколку стотини метри јужно, кај спомен-домот на Мајка Тереза, општината Центар исто така ќе организира манифестација по повод планетарниот ден. И двете манифестации се наменети пред сè за децата и целта им е да се подигне јавната свест за зачувување на животната средина. Ненавременото координирање, според организаторите, било причината што ќе се одржат два паралелни настани.

- Многу доцна дознавме дека и градот со УСАИД планира да прави манифестација. Но нашата и онака е различно конципирана од нивната и затоа се неспоиви. Ние ќе организираме натпревари и ликовни галерии за помали деца, а тие ќе имаат и повеќе едукативни содржини за поголеми деца - објасни Лидија Неделковска од општината Центар.

И од УСАИД рекоа дека воопшто не им пречи што во истото време и на речиси истото место ќе има слична манифестација како нивната.

- Колку повеќе институции го одбележуваат Денот на планетата Земја, толку подобро, бидејќи така се поголеми шансите да се подигне јавната свест кај народот за проблемите со животната средина - рекоа од оваа агенција.

Планетарниот ден, всушност, требаше да се одбележи вчера, но манифестациите беа одложени поради лошите временски услови. Тој во светот се одбележува уште од 1970 година, а неговата цел е да ги натера луѓето повеќе да ја ценат својата планета и нејзината природа.















На плоштадот ќе се формира село за рециклирање, но прво ќе има чистење на просторот од улицата Македонија до кејот „13 Ноември", што ќе го спроведат околу 300 ученици облечени во жолти и во зелени маички, брендирани со проектите на УСАИД за рециклирање пластика и за зелени училишта. Според најавите, активностите во селото ќе вклучуваат симулација на процесот за рециклирање, изложба на скулптури од пластика, миниолимписки игри и изградба на зелено училиште. Ќе има и квиз на темата енергетска ефикасност и рециклирање, како и забава со Денис Димовски, кој ќе ја испее химната на проектот за рециклирање на пластиката, потоа ѕвезди од естрадата, деца од „Суперѕвезда", актери од театарот за млади „Баирска светлина" од Битола, жонглери и други. Од УСАИД најавуваат дека на настанот ќе присуствуваат градоначалникот Коце Трајановски, министерот за животна средина Неџати Јакупи, амбасадорот на САД Филип Рикер и други гости.

На општинската прослава, пак, помалите дечиња ќе можат да изложуваат свои цртежи и колажи во дрвените куќички што ќе се постават на улицата Македонија специјално за таа намена. Тие ќе имаат можност и да се претставаат со креативни творби на темата „Планета Земја, заштита на природата и на разновидниот растителен свет". Откако ќе заврши презентацијата, претставници од граѓанската асоцијација „Ден на дрвото - засади ја својата иднина" ќе ги наградуваат најдобрите цртеж и творба. На местото ќе биде претставена и специјална преса со која се намалува волуменот на пластичниот отпад.

А.М.Д.

**прочитано:** 62 **коментари:** 0 коментар

**КОМЕНТАРИ**

Изданијата пред 08.08.2008 година можете да ги пронајдете ОВДЕ.

-ИНТЕРА



сетители: **4839857**
© 2008 Нова Македонија. Сите права